Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

# Годишен извештај за 2024 година

Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

http://www.iep.mk/

https://www.facebook.com/iepmkd

contact@iep.mk

Здружението на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) е граѓанска организација насочена кон развој на демократија во општеството, заштита на човековите слободи и права, борба против сите форми на дискриминација, нечовечко и понижувачко однесување, како и поттикнување на граѓаните да станат поактивни учесници во развојот на демократијата на локално и национално ниво.

**Визија**

Визијата на организацијата е мир, стабилност и хармонија во земјата со активно учество на Граѓанинот во процесите на одлучување на локално и национално ниво

**Мисија**

Посветеност во развојот, едукација на граѓаните, нивната информираност, заштита на основните човекови слободи и права, како и изнаоѓање решенија во соработка со јавниот и деловниот сектор за подобрување на положбата и благосостојбата на луѓето.

## Проект: Патот кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата

**Донатор**: Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата

**Буџет**: 700,000.00 долари

**Име на апликант и ко-апликант**: Македонски центар за меѓународна соработка - МЦМС, Иницијатива за европска перспектива - ИЕП, Хоризонт Цивитас, Нексус-граѓански концепт, Плиадес.

**Општа цел:** Иницирање на холистички пристапи за одржлива реинтеграција на ранливите семејства (вклучително и оние со повратници – странски терористички борци (СТБ) во државата.

**Таргет групи:**
1. Ранливи семејства, повратници и нивните семејства и соседи
2. Членови на заедницата каде што живеат повратниците, вклучително и работници од прва линија
3. Релевантни институции на национално и регионално ниво.
4. Локални и национални медиуми (уредници, новинари)

**Времетраење**: јули 2021-септември 2024

Во рамки на овој проект Иницијатива за европска перспектива е одговорна за спроведување на активности поврзани со економска реинтеграција на повратници, односно странски терористички борци - (СТБ) и членовите на нивните семејства. Имајќи предвид дека поголем број од СТБ се млади лица, голем дел од нив немаат никакво или недооформено образование. Во рамки на проектот предвидено е да се работи и со членовите на нивните семејства, вклучувајќи ги и децата. За таа цел оваа 2024 година продолживме со директна работа со овие лица, односно со развој на индивидуални планови за професионална ориентација. Целта на овие планови е преку директна работа со СТБ и членовите не нивните семејства, да се увиди кои се нивните способности, афинитети и желби за професионално усовршување, како полесно би се вклучиле во пазарот на труд. Врз основа на изработените планови на овие лица им овозможивме да посетат соодветни обуки или да добијат менторска поддршка. Согласно утврдените потреби им овозможивме да посетат обука за професионално фотографирање, јазични курсеви, обука за диспечер за транспорт и шпедиција, како и обука за возачка дозвола категорија Б. Врз основа на плановите за професионална ориентација и обуките што ги посетија овие лица добија и соодветна техничка поддршка за да започнат сопствен бизнис.

## Проект: Тренинг Академија за новинари и медиумски работници – T-AJM

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет:** 387.825,17 евра

**Име на апликант и ко-апликант:** Здружение на новинари на Македонија – ЗНМ, Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, Европска федерација на новинари - ЕФЈ

**Општа цел:** Општа цел на овој проект е да придонесе кон промовирање на средина за слободно изразување и професионален развој на младите новинари и медиумите.

**Специфична цел:** Зајакнување на интегритетот на медиумите и поддршка на младите новинари да се почитуваат стандардите за квалитет на новинарството, како и да се адресираат прашањата поврзани со закани и насилство врз

новинарите, нивната безбедност, со истовремено промовирање на слободата на изразување која ќе овозможи социјален развој и ќе придонесе кон процесот на пристапување кон ЕУ

**Таргет групи:** Млади новинари, медиумски работници, медиумски граѓански организации, организации на новинари**.**

**Времетраење:** февруари 2023 – јануари 2026

Во 2024 година главно активностите на ИЕП беа насочени кон пружање на поддршка на граѓанскиот сектор, односно организациите кои понудија иновативни акции за зајакнување на интегритетот на медиумите за борбата против дезинформациите нивно препознавање и делување, унапредување на медиумската писменост, критичкото размислување, демократските вредности и меѓу културната соработка. За таа цел објавивме повик за финансиска поддршка на граѓанските организации, кој беше поделен во две фази. Прво апликантите поднесуваа концепт нота и оние кои успешно ја поминаа оваа фаза, влегоа во втората, односно поднесоа целосен предлог проект. За оценување на апликациите ( во двете фази ), беше формирана трочлена Комисија за евалуација составена од независни експерти, која одлучи грантови да се доделат на четири граѓански организации. При имплементација на своите проекти субгрантистите добија и менторска поддршка за зајакнување на капацитетите на своите организации, односно за подобрување на практиките, процедурите и политиките во клучните аспекти на своето работење. Освен ова, ангажиравме надворешни соработници кои им помагаа при подготовка на наративните и финансиските извештаи. Исто така беше обезбеден и мониторинг и евалуација, преку надворешен експерт кој работеше со субгрантистите собирајќи информации за имплементација на нивните проекти и влијанието врз директните корисници и засегнати страни.

При крајот на 2023 година се изработи и првиот (од вкупно три) документи за јавни политики, односно документот за политики Транспарентно известување на јавноста за пристапните преговори на Република Северна Македонија кон Европската Унија. Целта на овој документ е врз основа на анализа на постоечката ситуација, да предложи политика што ќе укаже на важноста од транспарентно и објективно ширење на информациите во претпристапниот процес на Северна Македонија во Европската Унија. Документот беше презентиран и дискутиран со новинари, уредници и претставници на граѓански организации на форум кој се одржа во х. Александар Палас во текот на месец април.





Документот е достапен на следниов линк.

Вториот документ за политики беше изработен на тема “Одговорно користење на вештачката интелигенција во новинарството”, чија цел е да обезбеди преглед на актуелните предизвици и можности што ги носи ВИ во новинарството, да предложи конкретни насоки за употреба на ВИ во новинарската практика и да даде препораки за различните чинители во медиумската сфера.

Документот е достапен на следниов линк.

Во рамки на овој проект предвидено е изработка на два годишни извештаи поврзани со напредокот на земјата во процесот на пристапување кон Европската Унија кои се следат во Кластер 1 – Темелни вредности, со фокус на владеењето на правото и слободата на изразување, вклучително медиумските права и слободи и безбедноста на новинарите и медиумските работници.

Извештајот за 2024 можете да го прочитате на следниов линк

## Проект: Поврзување на региони

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет:** 1,016,252.86 евра

**Име на апликант и ко-апликант:** Општина Витија - Косово, Иницијатива за европска перспектива, Општина Гостивар

**Општа цел**: Да придонесе за намалување на загадувањето на животната средина и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните во пограничниот регион на Косово и С. Македонија.

**Специфична цел:** Да се намали загадувањето на реките преку заеднички акции за спречување на диви депонии за отпад и создавање предуслови за зелен транспорт на граѓаните.

**Таргет групи:** Локално население на Општина Витиа, Општина Гостивар

**Времетраење:** јануари 2024 – декември 2025

Оваа година активностите на ИЕП во рамки на проектот "Поврзување на региони" беа насочени кој едукативна кампања и подигнувања на свеста кај граѓаните за значењето за заштитата на природата, обезбедување на почиста вода, почист воздух и здрава почва. Деградацијата на природните екосистеми, губењето на биолошката разновидност и растечките влијанија на климатските промени ја нагласија итната потреба за концентрирани напори за заштита на животна средина.

## Проект: Рециклирање за позелен Аеродром

**Донатор:** Општина Аеродром

**Буџет:** 236.037,13 денари

**Име на апликант и ко-апликант:** Иницијатива за европска перспектива

**Општа цел**: Поттикнување поголема вклученост на локалното население во селектирање отпад од пакување (ПЕТ) и правилно користење на машините за рециклирање во општина Аеродром

**Таргет групи:** Учениците и вработените во основните училишта и градинки, како и локалното население во Општина Аеродром.

**Времетраење:** ноември 2024 – февруари 2025

Првата активност во овој проект беше, обука на млади волонтери за правилна селекција на отпад од пакување, со фокус на (ПЕТ) пластика и лименки и користење на машините за рециклирање во општина Аеродром. Обуката имаше за цел волонтерите да се стекнат со практично знаење за принципите на одржливо управување со отпадот и да се стекнат со вештини за ефективна комуникација со

различни целни групи, вклучувајќи ги младите и ранливите категории на граѓани, како и да ги мотивираат и подигнат свеста за практиките за рециклирање на локалното население.





По обуката, волонтерите беа распределени во основните училишта и градинки во Општина Аеродром каде има поставено машини за рециклирање . Нивната улога беше да ги поддржат учениците, наставниците, родителите и локалното население во правилното користење на машините за рециклирање. Во исто време волонтерите  собираа податоци за бројот на рециклирани лименки, пластика и друго, како и повратни информации од учениците, наставниците и родителите за нивното искуство со машините за рециклирање и нивното разбирање за одржливо управување со отпад. Исто така, изработивме едукативни и промотивни флаери во кои се нагласи правилната селекција на отпад и машините за рециклирање.